РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 - 911/1
24.11. 2021 год.
Валандово

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Валандово, распишува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## ЗА ДОБРОВОЛНО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО КОЕ ЌЕ УЧЕСТВУВА ВО ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

1. **Предмет на овој јавен оглас е:** Пројавување на интерес преку доброволно пријавување да се Формира партиципативно тело преку кое ќе се обезбеди инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичко планирање за подрачјето на Општина Валандово.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

2. **Услови за учество:** Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

3. **Обврски на партиципативното тело:** Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

4. **Начин на работа:** Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

**5. Документи кои се поднесуваат:**

- Пријава за член на партиципативното тело за подрачје на Општина Валандово (образецот е во прилог на повикот);

- Кратка биографија;

- Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот);

- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот);

- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија).

**6. Рок и место на поднесување на пријавите:** Пријавите по јавниот оглас може да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Валандово ул. „Иво Лола Рибар" бб или преку архивата на Општина Валандово во рок од 30 дена од денот на објавување на овој јавен оглас, со назнака: „Пријава по Јавен оглас за формирање на партиципативно тело на Општина Валандово".

**7. Дополнителни информации:** Дополнителни информации во врска со Јавниот оглас на моб.тел. 078/382 461 Ѓоко Аврамски и 078/356 231 Анита Трајкова.

**Напомена:** Учеството во партиципативното тело е на доброволна основа, согласно член 46 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр.32/20).

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
**Перо Костадинов**